333

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр./Nr. 02-3047/1
24-09-2024 20
Скопје-Shkup

СИК

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите за државната управа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 96/19, 110/19 и 121/24), член 212 став (1) од Законот за служба во Армијата на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 36/10, 23/11, 47/11, 148/11, 55/12, 29/14, 33/15, 193/15, 71/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19, 14/20, 171/22, 65/23, 14/24 и 30/24), Правилникот за постапка за избор и упатување на школување, обука, стручно оспособување и усовршување и специјализација на вработените за потребите на Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија бр. 01-4565/1 од 19.09.2014 година, како и Одлука за доделување на стипендии и намалување на трошоци при студирање на втор циклус студии во академската 2024/2025 година на вработени лица во институциите на безбедносниот систем на Република Северена Македонија и студенти со постигнат успех бр.08-456/14 од 30.08.2024 година на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола, Факултетот за безбедност - Скопје, Министерството за одбрана распишува,

**И Н Т Е Р Е Н О Г Л А С**

ЗА УПАТУВАЊЕ НА СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ И УСОВРШУВАЊЕ – ШКОЛУВАЊЕ НА ВТОР ЦИКЛУС НА СТУДИИ ЗА АКАДЕМСКАТА 2024/2025 ГОДИНА

1. Се распишува интерен оглас за упатување на стручно оспособување и усовршување – школување на втор циклус на студии (ослободување од плаќање на школарина) за **1 (еден) вработен** од Министерството за одбрана и Армијата на Република Северна Македонија на Универзитетот “Св. Климент Охридски“ – Битола, **Факултетот за безбедност - Скопје**.

2. Кандидатите може да конкурираат за втор циклус на студии за упатување на следните **студиски програми**:
   - Кризен менаџмент (едногодишни студии),
   - Безбедност (едногодишни студии) и
   - Безбедност (двегодишни студии).

3. Кандидатот кој ќе биде избран се ослободува од плаќање школарина за втор циклус на студии, додека трошоците за изработка и одбрана на магистерски труд ги сноси самиот кандидат.

4. За школувањето од точка 1 на огласот, кандидатите треба да го исполнуваат следните **општи услови**, и тоа:

4.1. да не биле упатувани на исти или слични форми на стручното оспособување и усовршување (ПДС-СКШД или втор циклус на студии);
4.2. до исполнување на условите за редовно пензионирање да им остануваат повеќе од 5 (пет) години.

5. Кандидатите кои ќе конкурираат треба да ги исполнуваат следните <u>посебни услови</u> утврдени од страна на организаторот, и тоа:

5.1. на втор циклус академски студии во времетраење од една година (60 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од најмалку 4 (четири) години (најмалку 240 европски кредити) или најмалку четиригодишни универзитетски (додипломски) студии според студиски програми пред воведувањето на ЕКТС;
5.2. на втор циклус академски студии во времетраење од 2 (две) години (120 европски кредити) може да се запише лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од најмалку 3 (три) години (180 европски кредити) и лице кое завршило прв циклус академски студии во траење од 4 (четири) години (240 европски кредити) или четиригодишни универзитетски (додипломски) студии според студиски програми пред воведувањето на ЕКТС;
5.3. на втор циклус академски студии не може да се запише лице со завршен прв циклус специјалистички студии.

6. Со Пријавата кандидатите задолжително ги доставуваат следните документи:

6.1. Диплома или Уверение за завршени додипломски, односно прв циклус на студии;
6.2. Кратка биографија (CV); и
6.3. Мотивационо писмо.

7. Некомплетните и ненавремено доставените документи по Огласот нема да бидат разгледувани.

8. Пријавите по огласот со потребната документација се доставуваат до Сектор за човечки ресурси.

9. Огласот се објавува истовремено на ден 24.09 во 12,30 часот со истакнување на огласната табла на Министерството за одбрана, со доставување до сите организациони единици на Министерството, на огласните табли во командите и единиците на Армијата на Република Северна Македонија и со објавување на

интернет - страната на Министерството за одбрана и на Армијата на Република Северна Македонија.

10. Рокот за пријавување на кандидатите е 5 **(пет) дена** од денот на објавување на Огласот.

11. За донесената одлука за избор на кандидатот за упатување на стручно оспособување и усовршување – школување на втор циклус на студии, Секторот за човечки ресурси писмено го известува избраниот кандидат и организационата единица каде истиот е вработен.

Изработила: ЦЛ Софија Трајковски
Контролирала: Никица Јовановска
Согласна: Ирена Станковска
Одобрил: државен секретар Елизабета Чуповска Ристова

МИНИСТЕР ЗА ОДБРАНА

Владо Мисајловски

Доставено до:
- Кабинет на министер за одбрана;
- Заменик на министер;
- Генералштаб на Армијата (Командите и единиците на Армијата);
- Државен секретар;
- Државни советници;
- Сите организациони единици во Министерство за одбрана;
- Воена Академија;
- Архива.